Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од обласа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..................... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..................... 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..................... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..................... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..................... 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК-АСИСТЕНТ ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ЕЛЕКТРОТЕХНИКА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 0210-1587/24, донесена на третата седница на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет, одржана на 11.12.2008 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник-асистент за група предмети од *електротехника* на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“ на 27.11.2008 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Гоце Стефанов. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Гоце Стефанов** е роден на 14 септември 1963 година во Неготино. Високо образование завршува на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 1989 година, со што се стекнува со VII/1 степен на образование (дипломиран инженер). Во 1999 година ги завршува постдипломските студии по електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со среден успех 8,50 и со одбрана на магистерскиот труд ***„Електронски системи за управување со функциите на хидрауличен багер”***, со што се стекнува со VII/2 степен на образование (магистер по електротехнички науки).

Гоце Стефанов двапати учествува на изложбата за иновации и технички решенија *Макинова*: во 1998 година добива *Златна плакета* за иновација на уредот *„Регулатор на асинхрон колекторски мотор и софт-старт на трифазен колекторски мотор“*, а на изложбата во 1998 година добива парична награда од фирмата ЕМО - Охрид.

Од 1989 година, Гоце Стефанов е вработен во рудникот Бучим, како дипломиран инженер. Во периодот 1989 – 2008 година, за потребите на рудникот Бучим, теориски и практично реализира повеќе уреди од енергетската електроника и компјутерската техника, и тоа: индукциона печка за топење на метали со ИГБТ транзистори; модул за генерирање на променливо електромагнетно поле; компјутерски систем за мерење и управување на системот за дозирање на реагенси; компјутерски систем за управување и визуализација на податоци од ваги за мерење на руда.

За кандидатот Гоце Стефанов, Центарот за образование и интелектуални услуги „Визија” од Радовиш има издадено потврда за одлично познавање на англиски јазик. Гоце Стефанов е државјанин на Република Македонија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Гоце Стефанов во досегашниот период има објавено три научно-стручни труда на македонски јазик во зборници на трудови од неколку советувања во земјава.

1. **Гоце Стефанов,** Коста Долдуров: *Микропрецесорски системи за заштита на високонапонски електромотори – IQ 1000 II*, Прво советување на МАКО СИГРЕ, 1996 г. Во овој труд е опишан микропроцесорски систем за заштита на високонапонски

мотори. Системот ја мониторира температурата на загревање на моторот, а одделно и температурата на статорот на моторот со користење на отпорнички сензор.

2. **Гоце Стефанов,** Костадин Долдуров: *Далечински пренос на податоци по двожилен вод применет за визуализација на положбата на регулационата склопка кај трансформатор 110/6 kV,* Второ советување на МАКО СИГРЕ, 1998 г.
   Во овој труд е опишан еден реализиран електронски систем за далечинска контрола на положбата на регулационата склопка кај трансформатор 110/6 kV. Во трудот се детално опишани сите функции на системот.
3. **Гоце Стефанов**, Ѓорѓи Терзиев: *Микропроцесорско управување во електромоторните погони со асинхрони мотори*, Второ советување на МАКО СИГРЕ, 1998 г.
   Во овој труд е даден опис на примената на микропроцесорите во управувањето на електромоторните погони, при што е потенцирана нивната предност, воопшто, и е направена анализа на употребата на микропорцесорското управување кај погони задвижувани од асинхрони мотори.

Од биографските податоци и приложените научно-стручни трудови на кандидатот м-р Гоце Стефанов, забележуваме дека тој има соодветен научен степен – *магистер на електротехнички науки*; има објавено 3 научно-стручни труда во земјава, во зборници на трудови од научни советувања, и има остварено повеќе поени од минималните (поточно 37), кои се однесуваат на целокупната активност на кандидатот, што се гледа од прегледот даден во табелата подолу.

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| **Наставно-образовна (НО)** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | | |
| Трудови објавени во зборник на трудови | 3 | 6 | | 6 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | 4 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | | |
| Техничко унапредување | 4 | 8 | | 8 |
| Прифатени иновации | 2 | 8 | | 8 |
| Стручни награди и признанија | 2 | 8 | | 8 |
| Учество со стручен собир со реферат | 3 | 3 | | 3 |
| **ВКУПНО (НО + НИ + СА + ОР)** | **37** | | | |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од анализата на биографските податоци на м-р Гоце Стефанов, како и од прегледот на документите приложени кон пријавата и неговите целокупни достигнувања, заклучуваме дека кандидатот располага со високи научни, стручни и образовни квалитети потребни за асистент. Од направениот преглед, согласно со Правилникот за единствените критериуми за избори во звања на Универзитетот „Гоце Делчев", заклучуваме дека кандидатот има 37 поени - што е за 12 поени повеќе од минималниот број поени потребни за избор во асистент. М-р Гоце Стефанов нема доволно наставно-образовно искуство, како што се гледа од прегледната табела погоре, но Комисијата смета дека тоа се должи на тоа што кандидатот досега нема работено во академска високообразовна институција. Рецензентската комисија, откако го прегледа научно-стручното творештво на м-р Гоце Стефанов, смета дека кандидатот располага со солидно практично искуство и знаења од областа на индустриската електроника и автоматика, кои можат да се реализираат во студиската програма на Електротехничкиот факултет при Универзитетот.

На крај, заклучуваме дека кандидатот м-р Гоце Стефанов ги исполнува сите законски и други услови за прием и му предлагаме на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" **да го избере м-р Гоце Стефанов во звање асистент по група предмети од електротехника.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Солза Шопова-Грчева, вонреден професор претседател, с.р.**

**Д-р Стојан Рендевски, вонреден професор член, с.р.**

**Д-р Цвета Мартиновска, доцент, член, с.р.**